# ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

ул. „Каменичка“ бб – Македонска Каменица тел./факс: 033 432 741
opstina@makedonskakamenica.gov.mk ; www.makedonskakamenica.gov.mk


Бр. 04-455/17
08-05-2025

Врз основа на член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19, 14/20, 208/24) и член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24), Предлог за избор на кандидат бр.10-565/8 од 07.05.2025 година на Комисијата за селекција по јавен оглас бр.79/2025, Градоначалникот на Општина Македонска Каменица донесе:

## О Д Л У К А

**За избор на кандидат за вработување на административен службеник по јавен оглас**

1. За извршител на работно место **Соработник за поддршка на Градоначалникот во Одделение за правни и општи работи и јавни дејности**, со звање Соработник, ниво В03 и шифра на работно место **УПР0101В03000** во Општина Македонска Каменица, **СЕ ИЗБИРА** кандидатот **МАРТИН АНАСТАСОВСКИ** од Македонска Каменица.
2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работно место од точка 1 на оваа Одлука, по конечноста на одлуката, за што ќе се донесе посебно Решение за стекнување со статус на административен службеник и распоредување на работно место.
3. Оваа Одлука ќе биде доставена до избраниот кандидат и објавена на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

### О б р а з л о ж е н и е

По Барање бр.04-455/4 од 18.02.2025 година на Општина Македонска Каменица за објавување на јавен оглас за вработување на административен службеник, Агенцијата за администрација на ден 28.03.2025 година на интернет страницата на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Коха“, објави Јавен оглас бр.79/2025 за вработување на административен службеник во општинската администрација на Општина Македонска Каменица, на работно место Соработник за поддршка на Градоначалникот во Одделение за правни и општи работи и јавни дејности, со звање Соработник, ниво В03 и шифра на работно место УПР0101В03000 – 1 (еден) извршител.

Со Решение бр.10-565/4 од 04.04.2025 година донесено од страна на Агенцијата за администрација, формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас, која на ден 14.04.2025 година спроведе постапка за административна селекција на кандидатите за административен службеник, при што изготви Записник бр.10-565/5 од 14.04.2025 година. На ден 30.04.2025 година се спроведе испит за административен службеник при што е изготвен

Записник бр.10-565/6 од 30.04.2025. На ден 06.05.2025 година се спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник при што е изготвен Записник бр.10-565/7 од 06.05.2025 година.
Врз основа на резултатите од сите фази на селекција за вработување, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, изготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидати бр.10-565/8 од 07.05.2025 година за работно место Соработник за поддршка на Градоначалникот во Одделение за правни и општи работи и јавни дејности, со звање Соработник, ниво В03 и шифра на работно место УПР0101В03000 во Општина Македонска Каменица.

Врз основа на горенаведеното, Градоначалникот на Општина Македонска Каменица одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Оваа Одлука ќе биде доставена до избраниот кандидат и објавена на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат може да изјави жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 (осум) дена од денот на нејзиниот прием, односно од денот на нејзиното објавување на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Димчо Атанасовски**

Изготвил:Раководител на Одделение за правни и општи работи и јавни дејности
**Анета Темчева**

**Доставено до:**
- **Примач**
- **Архива**